# Изборите и јавните набавки

- ✓ Тендерите на ДИК за заедничките претседателски и парламентарни избори годинава чинеле 767 илјади евра повеќе отколку збирот на тендерите за овие избори кога се спровеле поединечно во 2019 и 2020 година.
- ✓ Гласањето на дијаспората чинело повеќе отколку печатењето на ливчињата за сите гласачи.
- ✓ Дури 41 % од договорите за јавни набавки поврзани со изборите, ДИК ги склучила во постапка со директно преговарање, без оглас.
- ✓ Во годините кога има парламентарни избори, вредноста на јавните набавки во земјата достигнува рекордно ниво. За годинашните избори – се антиципирало во ланските набавки.

Државната изборна комисија (ДИК), за спроведување на последните претседателски и парламентарни избори, склучила 22 договори за јавни набавки во вкупна вредност од 213.625.656 денари, односно 3.473.588 милиони евра.

Вредноста на тендерите за спроведување на изборите годинава е поголема за 47 милиони денари (767 илјади евра) од вкупната вредност на тендерите склучени за претседателските избори во 2019 година и за предвремените парламентарни избори во 2020 година. Имено, вредноста на договорите за јавни набавки склучени за спроведување на претседателските избори 2019 година изнесуваа 90.546.430 денари, а на парламентарните 2020 година - 75.868.732 денари што е вкупно 166.415.162 денари, односно 2.705.938 евра.



Вредноста на локалните избори во 2021 година не ја вклучува набавката на интегриран систем за биометриска идентификација на гласачите во вредност од 678.979.979 денари (11.040.325 евра), која не е ексклузивно креирана само за овие избори.

Бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки поврзани со изборите 2024 година можат и да се зголемат во следниот период. Согласно информациите расположливи на Електронскиот систем за јавни набавки, ДИК има иницирано уште неколку постапки за кои сѐ уште не се објавени известувањата за склучување на договорите. Станува збор за набавките на: „сигурносни нумерирани пластични ленти за запечатување на гласачки кутии и вреќи за транспорт“, „софтверско решение за сумирање и објава на изборни резултати“, „превод на гласачкиот материјал“ и „хотелски услуги потребни за организација и спроведување на изборниот процес“.

За првпат во овој изборен циклус ДИК склучила 4 рамковни договори со период на важност од 36 месеци во кои е наведено дека ги опфаќаат не само изборите 2024, туку и локалните избори 2025 година, евентуално непосредно изјаснување на граѓаните на државно ниво или спроведување на некој вид на евентуален изборен процес кој не е предвиден во текот на 2024 и 2025 година. Притоа, во 2 од тие договори (за „дизајнирање и печатење на прирачници за едукација на изборните органи и промотивен материјал за ДИК за избори“, како и за „транспорт на доверлив и недоверлив гласачки материјал за избори и членови на ИО од ОИК до ИМ и обратно“) е јасно нагласена сумата која се однесува за изборите за 2024 година. Но, кај договорите за „изработка и печатење на недоверлив материјал – фина штампа и печатење на друг недоверлив материјал“ (23.775.584 денари) и за „изработка недоверлив материјал – картонажа“ (9.810.992 денари ) не е јасно наведено дали планираните вредности се однесуваат за целиот период или само за 2024 година.

**Гласањето на дијаспората чинело повеќе отколку печатењето на ливчињата за сите гласачи**

Вредносно најголем склучен договор за изборите 2024 година е за „транспорт и сместување на членови на изборните органи (ИО) во дипломатско конзуларните претставништва (ДКП) за избори“, склучен со Друштво за туризам, промет и услуги Њу вејс оф травел ДООЕЛ Скопје во вредност од 50 милиони денари (813 илјади евра). Договорот опфаќа транспорт и сместување на по најмногу 8 лица на 31 дестинација во светот. Во оваа постапка понуди доставиле две фирми, Њу вејс оф травел ДООЕЛ Скопје и Авиотурс Травел Сервис ДООЕЛ Скопје. Поради високата вредност, оваа тендерска постапка била предмет на управна контрола од страна на Бирото за јавни набавки. Во текот на контрола се дадени одредени насоки до ДИК, но и во повторната евалуација на понудите, за најповолна е избрана понудата на Њу вејс оф травел. Инаку, проценетата вредноста на тендерот е за 9 милиони денари повисока од вредноста на склучениот договор.

Договорот за транспорт и сместување на членовите на изборните органи во дипломатско конзуларните претставништва е повисок дури и од договорот за изработка и печатење на доверливиот изборен материјал што изнесува 46 милиони денари (748 илјади евра) склучен со

Акционерско друштво Печатница Киро Дандаро заштитно друштво Битола. Овој договор е склучен преку постапката со преговарање без претходно објавување оглас. Оваа нетранспарентна постапка, со одобрение на Бирото за јавни набавки, е применета откако во претходна постапка за која бил објавен оглас се донела одлука за поништување. Вистинската причина за поништувањето не е јавно објавена бидејќи во Известувањето за поништување на постапката е наведено образложение „бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвидени за постапката за јавна набавка“.

Но, Законот за јавни набавки не предвидува минимален број на понудувачи во отворена постапка, каква што била применета во случајот. Инаку, за печатење на доверливиот изборен материјал се преговарало само со Печатница Киро Дандаро.

Третиот по големина договор е исто така склучен во постапка со преговарање без претходно објавување оглас со фирмата Дермалог Идентификејшн Систем ГмбХ за прилагодување на имплементиран Интегриран систем за биометриска идентификација на гласачите.

**10 најголемите договори за јавни набавки на ДИК за изборите 2024 година**

| Предмет на договорот | Фирма со која е склучен договорот | Вредност на договорот во денари | Вредност на договорот во евра |
|---|---|---|---|
| Транспорт и сместување на членови на ИО во ДКП за избори | Њу вејс оф травел Скопје | 50.000.000 | 813.008 |
| Изработка и печатење на доверлив материјал | Печатница Киро Дандаро Битола | 46.000.093 | 747.969 |
| Прилагодување на имплементиран интегриран систем за биометриска идентификација на гласачите | Дермалог Идентификејшн Систем ГмбХ | 28.000.000 | 455.285 |
| Изработка и печатење на недоверлив материјал - фина штампа и печатење на друг недоверлив материјал | Винсент Графика Жељко и други Скопје и Печатница Европа 92 Кочани | 23.775.584 | 386.595 |
| Транспорт на доверлив и недоверлив гласачки материјал за избори и членови на ИО од ОИК до ИМ и обратно | АД Пошта, КАМ СМАРК Кавадарци и Стефан Турс Травел Скопје | 21.240.000 | 345.366 |
| Изработка недоверлив материјал-картонажа | Печатница Киро Дандаро Битола, Полиестрдеј Скопје, Винсент Графика Жељко и други Скопје и Печатница Европа 92 Кочани | 9.810.992 | 159.528 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Транспорт на доверлив и недоверлив материјал за избори од печатница до ОИК и МНР | КОЛПОРТЕР ДОО Скопје | 8.000.000 | 130.081 |
| Изработка на легитимации и беџови за изборна администрација, овластени претставници и набљудувачи | Винсент Графика Жељко и други Скопје | 7.799.304 | 126.818 |
| Избор на компанија од чии бензински пумпи ќе се снабдуваат со гориво возилата на ДИК, ангажирани за потребите на изборите | Макпетрол Скопје | 4.720.000 | 76.748 |
| Избор на ПР агенција за обука на гласачи/видео и аудио спот, флаери, плакати и друго | Идеа Лаб - ДЕ Скопје | 4.000.000 | 65.041 |

**41 % од тендерите склучени во постапка со директно преговарање**

Дури 41 % од вредноста на договорите за јавни набавки се склучени во постапките со директно преговарање со понудувачите. Станува збор за 5 договори, но сите со висока вредност и тоа за: „изработка и печатење на доверлив материјал“, „прилагодување на имплементиран интегриран систем за биометриска идентификација на гласачите“, „транспорт на доверлив и недоверлив материјал за избори од печатница до ОИК и МНР“, „избор на ПР агенција за обука на гласачи/видео и аудио спот, флаери, плакати и друго“ и „ИТ и техничка опрема за организирање на избори – таблети“. Вкупно преку оваа нетранспарентна постапка се склучени договори во вредност од 87 милиони денари (околу 1,4 милиони евра).

Дел од тендерите за спроведување на изборите се објавени уште во текот на декември 2023 година. Во процесот кој траеше речиси 6 месеци, биле поништени дури 15 постапки за јавни набавки (11 целосно, а во 4 постапки се поништени делови од тендерот). Сето ова доведе до потребата дел од договорите да се склучат преку постапката со преговарање без претходно објавување оглас, а за дел од постапките сè уште да не се знае епилогот.

Гледано од аспект на конкуренцијата, просечниот број понуди на тендерите за изборите 2024 година изнесува 2,68 што е на ниво на просекот во земјава.

Во најголем дел од постапките, односно во 10 од 22 склучени договори, биле доставени 3 или повеќе понуди што упатува на солидно ниво на конкуренција. Но, гледано од вредносен аспект, доминираат постапки (42 %) во кои немало конкуренција, односно е добиена по само една понуда. Вредноста на 7-те договори склучени во постапки со по 1 понуда изнесува 88.698.232 денари (1.442.248 евра).

**Приказ на склучените договори за јавни набавки според бројот на добиени понуди**

| Конкуренција | Вкупен број на склучени договори | Вредност на договорите во денари | Вредност на договорите во евра |
|---|---|---|---|
| Во постапката е добиена 1 понуда | 7 | 88.698.232 | 1.442.248 |
| Во постапката се добиени 2 понуди | 5 | 56.429.810 | 917.558 |
| Во постапката се добиени 3 и повеќе понуди | 10 | 68.497.614 | 1.113.782 |

Во постапките во кои била доставена само по една понуда, освен „изработката и печатење на доверлив изборен материјал“ и „прилагодување на имплементиран интегриран систем за биометриска идентификација на гласачите“, биле и постапките за „изработка на легитимации и беџови за изборна администрација, овластени претставници и набљудувачи“, потоа „избор на компанија од чии бензински пумпи ќе се снабдуваат со гориво возилата на ДИК, ангажирани за потребите на изборите“, „закуп на мрежна опрема за мрежно поврзување на ДИК со ОИК и ПО за изборите“, „хотелски услуги потребни за организација и спроведување на изборен процес“ и „набавката на промотивен материјал за ДИК за потребите на изборите“.

**Три фирми – традиционални партнери на ДИК**

Во однос на носителите на договорите за јавни набавки може да се каже дека во групата на фирми кои традиционално ги добиваат тендерите на ДИК се издвојуваат три фирми.

На врвот е Печатница Киро Дандаро Битола која ги добива договорите за печатење на доверливиот изборен материјал. Во листата на фирми со кои ДИК склучува договори во секој изборен циклус е и Друштвото за вработување на инвалидни лица, издавачка дејност, производство, трговија и други Винсент Графика Жељко и други ДОО експорт импорт Скопје. Со нив се склучуваат по неколку договори во текот на изборната година и тоа за изработка на легитимации и беџови за изборна администрација, овластени претставници и набљудувачи, потоа за набавка на заштитни пликови и вреќи за транспорт на доверлив и недоверлив материјал, како и за печатење на промотивен материјал. Трета фирма, која без исклучок во секоја изборна година е носител на договор со ДИК е ПР Агенцијата Идеа Лаб - ДЕ Скопје. Со неа ДИК склучува договори за обука на гласачи / видео и аудио спот, флаери, плакати и др.

**Поврзаност на изборите и вредноста на јавните набавки**

Анализата на движењето на вкупната вредност на договорите за јавни набавки по години покажува дека постои поврзаност меѓу изборите и сумата пари што се троши за јавни набавки. Ова, пред сѐ се однесува на парламентарните избори.

Во минатите години, рекордните износи на пари потрошени за јавни набавки се совпаѓаат со т.н. изборни години, односно со одржување на парламентарните избори.




Вакви се случаите во 2011 година кога до тогаш рекордниот износ на пари за јавни набавки од 962 милиони беше потрошен токму во година кога се одржаа парламентарни избори.

И следниот рекорд на пари потрошен за јавни набавки од 980 милиони беше остварен повторно во изборната 2014 година, и повторно кога се одржуваа парламентарни избори.

Следеше пад во вредноста на набавките, но тие скокнаа драстично за повеќе од 180 милиони евра само за една година и тоа во 2016 кога повторно се одржаа, предвремени парламентарни избори.

Следна рекордна година за јавните набавки е 2019 година. Се чини дека овде не влијаат толку претседателските, туку повторно парламентарните избори следната година, затоа што се одржуваа во јули – до кога, реално, не можат да се потрошат многу пари од тековната година.

И следниот историски скок на вредноста на јавните набавки е лани, во предвечерјето на годинешните избори кои се одржаа во мај, повторно многу рано во тековната година.